ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Бр. 55

Скопје, 05.06.2017 година

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Вон. проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **50 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 04**

**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звање по група предмети од областа на економските науки на Факултетот деловна економија и организациони науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје.

**Стр. 11**

**РЕФЕРАТ**
за избор наставник во сите наставно-научни звање по група предмети од областа на економија и финансии на Факултетот за деловна економија и организациони науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје.

**Р Е Ф Е Р А Т**

**РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ЗА ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКИТЕ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр.14-362/4 од 21.04.2017 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 21.04.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања за област на економските науки на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот Нова Македонија, на ден 22.03.2017, и во предвидениот рок се пријавија:

1. *Д-р Елена Бундалеска*
2. *Д-р Дори Павлоска-Ѓорѓиеска*

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно – научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Д-р Елена Бундалеска**

***Биографски податоци***

Д-р Елена Бундалеска е родена на 25.07.1976 година, во Скопје. Правниот факултет го завршила во 1999 година, при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Скопје, Ѓраѓанско-правна група. Во 2002 година положила правосуден испит. Во 2004 година, како стипендист на US State Department, завршила пост-дипломски студии од областа на банкарство, финансии и деловно право, на Fordham University, New York, USA. Во Јули, 2010 година кандидатот завршила менторски докторски студии при European Center for Peace and Development of the United Nations University for Peace, на тема: Market Discipline, Transparency and Disclosure Requirements in Banking.

Работно искуство:
Од Мај, 2005 до Јули, 2008 Елена била на позиција Помошник директор на Сектор правни равоти во Стопанска банка АД-Скопје. Во именуваниот период таа всушност во пракса била Директор на Секторот, затоа што во целиот период немало Директор на Секторот. Надлежности: наплата на побарувања, судски постапки, изготвување и проверка на сите интерни процедури, изготвувување и проверка на договори од сите области, воспоставување на заложни права, давање на правни мислења, регистрации на филијали, подружници и останати информации во Централен регистар, други. Како раководно лице во една од најголемите банки во РМ Елена била изложена на значителен обемот на работа и разноликост на активности, искуства.
Пред заземање на функцијата Помошник директор на Сектор за правни работи, а по повраток од посдипломски студии од САД, Елена била Виш советник за примена на прописите од банкарското работење во Стопанска банка АД-Скопје. Како Виш советник за примена на прописите од банкарското работење Елена била задолжена за следење на целокупната регулатива поврзана со банкарското работење и имплементирање на истата во банката. Ова вклучувало: воспоставување на систем во банката за следење на усогласеноста со прописите, контрола на известувањето кон надвор, комуникација со НБРМ, координација на теренските контроли на НБРМ во банката, известување на менаџментот за промените во регулативата, обуки на вработените, изготвување на политики запознај го својот клиент, проверка на останати политики и процедури на банката, водење на системот на спречување на перење пари, слично.

Во завршната фаза од магистерските студии Елена поминала квартал (Јуни-Август, 2004) како Compliance Officer во Сектор за следење на усогласеност со прописите во Atlantic Bank of New York, NY. Како Compliance Officer во САД Елена стекнала искуство и познавање на работењето на Секторот за усогласеност со регулатива во САД, од регулатива како SOX, Fair Housing Act, Community Reinvestment Act, Securities Act и подзаконска регулатива до работа на менаџментот и организационите единици на американска банка.

Со цел проширување на работното искуство Елена преминала од Македонска банка за поддршка на развојот во Стопанска банка АД Скопје, каде во периодот Март, 2001-Август, 2003 работела како Советник за примена на прописите од банкарското работење во Стопанска банка АД-Скопје. Покрај следење на и осигурување на усогласеност со прописите Елена била задолжена за воспоставување на систем на спречување на перење пари, во услови кога ниту една банка во РМ немала ваков систем, затоа што се уште не постоела законска регулатива во таа насока. Исто така Елена била задолжена за подготвување и проверка на материјалите за управен и надзорен одбор, како и следење на имплементација на одлуките на одборите. Одтаму искуството во делот на трговски друштва. Како Советник за примена на прописите од банкарското работење Елена била задолжена за изготвување на Кодексот на етика на банката, обука на вработените во оваа област и следење на имплементацијата на Кодексот.

Елена го почнала нејзиното работно искуство како Референт за правни прашања и осигурување на извоз, Македонска банка за поддршка на развојот, каде работела во периодот Од Декември, 1999 до Март, 2001. Во МБПР Елена стекнала искуство во работа со клиенти, пред се кредитокорисници и корисници на осигурителни полиси, издавање на полиси, слично. МБПР е единствена банка во РМ која нудела и ниди осигурување на извоз, како алатка за посигурно функционирање на друштвата, која во моментов важи и за првокласен инструмент за обезбедување согласно методологијата на НБРМ.

Од останати работни ангажмани на д-р Бундалеска се вројуваат следните:

- Член на Институт на директори – како член на Институтот на директори Елена повремено е ангажирана да држи обуки од областа на трговски друштва, корпоративно управување и корпоративна општествена одговорност. Исто така, таа присуствува на тркалезни маси кои се организираат за членовите поврзани со најразлични теми од областа на работењето на трговските друштва (say on pay, сертифицирање на директори, обврски поврзани со избор на директори во осигурителната индустрија, слично)
- Основач и член на Управен одбор на Македонско американска Рон Браун Асоцијација (МАРБА)
- Член на Комитет за општествена одговорност, при AmCham. Како претставник на УАКС во овој комитет Елена е вклулена во активности поврзани со општествено одговорно однесување. Комитетот е одлично место на размена на искуства и информации помеѓу членките на AmCham
- Член на Комитет за право и даноци, при AmCham
- Соработник на ЕУРИСК Македонија, обуки за полагање на правосуден испит
- Предавач за Financial Technology Transfer Agency (ATTF), Luxembourg (www.attf.lu), на тема: Усогласеност со прописите во пракса
- Говорник на Мрежата на глобалниот договор (УНДП) во Република Македонија, област: Корпоративна општествена одговорност
- Тренер на вработените во Стопанска банка АД-Скопје на тема: Банкарска регулатива во РМ, усогласеност со регулативата, спречување на перење пари
- Член на Управен одбор на Централен депозитар за хартии од вредност на РМ (до 2008 година)
- Автор на Политиката "Запознај го својот клиент и Процедурите за спречување на перење пари на Стопанска банка АД-Скопје.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Во доменот на наставно-образовната дејност, д-р Елена Бундалеска е избрана во звање доцент на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во 2012 година. На

истоимениот универзитет ги предава следните наставни предмети: Облигационо право, Business Law, Корпоративно управување и бизнис етика, и Бизнис етика. Резултатите од спроведената евалуација за академската 2015/2016 година покажуваат позитивна оценка за наставно-образовната дејност на доц. д-р Елена Бундалеска и тоа резултат од 82,08 проценти севкупна евалуација (од вкупно 100).

Д-р Бундалеска е автор на следните научни трудови (во последните пет години):

1. *The Business Case for Corporate Social Responsibility in Education*, *Part II,* Conference Proceedings, 5th International Research-Expert Conference Business Development 2012, Zenica, November 2012, ISSN 1840-4006 (p. 345-354) (Зборник на трудови од 5та меѓународна конференција)

2. *Трговско право: Трговски друштва*, Поглавје во Прирачник за полагање на правосуден испит (страни 701-745), објавен Декември 2012 година, уредник Проф. Д-р СлаѓанаТасева, ISBN 078-9989-57-883-0

3. *Outsourcing, Can We Go Wrong?,* Зборник на трудови од Меѓународна конференција "Нови знаења за нов развој" (New Knowledge for New Development), October, 2013, МАНУ, ECPD.

4. *The Business Case of Corporate Social Responsibility in Education* (*слободен превод: Корпоративна општествена одговорност во образованието*), поглавје во книга насловена Issues on Education and Research: Volume 3, (страни 163-174), edited by Gregory T. Papanikos, ISBN: 978-960-9549-33-2, објавена од Athens Institute for Education and Research, 2013 година (поврзано со 5th Annual International City-Break Conference: Business and Society in a Global Economy, 19-22 December 2011, Athens, Greece, https://www.atiner.gr/docs/2013EDU-INTRO.pdf, https://www.atiner.gr/docs/ALL_PUBLICATIONS.htm)

5. Djambaska, A., Petrovska, I., Bundaleska, E. (2015) *Is Humor Advertising Always Effective? Parameters for Effective Use of Humor in Advertising*. *Journal of Management Research*, 8(1), p. 18-36.

6. Marencheva, D., Petrovska, I., Bundaleska, E., and Tomovska Misoska, A. (2016). Advertising to Children and Parental Buying Behavior in the Municipality of Gevgelija. Economic Development-Journal of the Institute of Economics, 18(1-2), p. 225-243.

7. Bundaleska, E., and Naumovski, V. (2016) *Analysis of the Effects from Suspicious Transactions Reporting in the Republic of Macedonia, Montenegro and the Republic of Slovenia. Economic Development-Journal of the Institute of Economics,* 18*(*1-2), p. 351-361.

Д-р Бундалевска континуирано присуствува на различни настани од областите како корпоративно управување, корпоративна општествена одговорност, управување со ризици, спречување на перење пари, бизнис етика, промени во законска регулатива, слично.
Таа постојано ги следи најновите трендови во едукација на студенти, пред се методи на предавање и оценување на студентите.
Во последните години, како понова област и дел од пошироката област на општествено одговорно однесување, Елена присуствувала на повеќе работилници поврзани со социјално претприемништво.

Во поглед на работни ангажмани во научноистражувачки проекти, Д-р Бундалевска има учествувано во два проекти. Д-р Бундалевска е член на проектниот тим на научно истражувачки проект „Истражување на свеста за општествена одговорност на друштвата на Западен Балкан, кој се спроведува од 2015 година, во три држави Македонија, Србија и Албанија и е под покровителство на мрежата RESITA (Academic Network Entrepreneurship and Innovation South-Eastern-European Universities) мрежа на претприемачки универзитети поддржана од Германската агенција за академска размена. Д-р Бундалевска е исто така член на проектниот тим на проектот „Недела за

започнување на нови бизниси на Универзитетот Американ Колеџ Скопје„, во соработка со ГЕА Колеџ за претприемништво од Словенија. Целта на проектот е организирање на двонеделна школа за нови бизниси во која учество земаат предавачи и претприемаши од практиката. Д-р Бундалевска е ангажирана за дефинирање и реализирање на студиската програма како и менторирање на студентите за прашања поврзано со правните аспекти на новите бизниси.

***Општествена дејност***

Елена билаорганизатор и учесник во општествено одговорни активности на и со студентите, пр. Денот на водата, Од стари кеси до нови производи, волонтирање на студентите во заедницата (градинки, училишта, домови за деца по посебни потреби, домови за деца без родители, слилно). Исто така, како дел од поголем проект за осамостојување и инклузија во општеството на децата од Домот за деца 11ти Октомври, Елена држи предавања за децата од Домот на различни теми поврзани со полесно наоѓање на работа.
Во моментов Елена е Академски советник на организацијата на студенти со посебни академски достигнувања Делта Му Делта Пи Алфа, која е огранок на Делта Му Делта САД и како таква има обврска да и врати на заедницата преку активности, вмрежувања, know-how, настани, слично.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Елена Бундалеска и според одредбите на Законот за високото образование, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката покажува постојан стручен и научен развој и е оформена во квалитетен универзитетски научник и наставник. Нејзината наставна и научно – истражувачка работа се континуирани и ја потврдуваат ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од нејзината научно - истражувачка и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека д-р Елена Бундалеска ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје да ја избере во звање *вонреден професор* по група предмети од областа на економските науки.

**2. Д-р Дори Павлоска - Ѓорѓиеска**

***Биографски податоци***

Д-р Дори Павлоска - Ѓорѓиеска е родена на 28.01.1977 година. Економскиот факултет – Прилеп го завршила во 1998 година, и го продолжила своето додипломско образование по економија на Davis and Elkins College, Elkins, West Virginia, во Соединетите Американски Држави со просечна оценка од 4,00 (summa cum laude). Магистерските студии по деловна администрација д-р Павлоска - Ѓорѓиеска ги завршила во 2004 година на Универзитетот Шефилд со магистерска дисертација на тема „Биснис планирање и евалуација на инвестиција во млекара„. Во Јануари 2012 година се стекнува во степен доктор на економски науки од областа финансиско-даночен менаџмент на Европскиот Универзитет Република Македонија со одбранета докторска дисертација на тема „Инвестициите на странските донатори во земјоделскиот сектор во Македонија„. Д-р Дори Павлоска – Ѓорѓиеска има учествувано на бројни обуки и семинари од областа на деловната администрација и инвестициски развој.

Работно искуство:
Д-р Дори Павлоска - Ѓорѓиеска работи веќе шест години како предавач на International Business College Mitrovica (IBCM) во Митровица, Косово, меѓународна организација основана од холандската генција Спарк, во соработка со данската академија за професионално образование Лилебелт и финансирана од странски донатори, првенствено Шведска агенција за меѓународен развој (СИДА). На оваа институција, таа предавала Меѓународен маркетинг и продажба, Стратегиски маркетинг, Продажба и

преговарање, и Менаџмент на студиска програма. Исто така таа била три години координатор за студиската програма Маркетинг и менаџмент. Од 2012 таа е избрана во звање доцент од областа на економските науки на МИТ Универзитетот Скопје. Во 2016 таа е избрана во звање вонреден професор на истоимениот универзитет и го предава предметот Претприемништво и мал бизнис. Покрај наставно научните активности на универзитеот исто така таа од 2013 до 2016 била ангажирана во центарот за кариера на универзитетот каде земала учество во активностите на Центарот поврзани со обезбедување на вработливост на произведените кадри.
Исто така таа е ангажирана и како проектен менаџер за меѓународна, меѓувладина организација за регионален рурален развој – SWG RRD, каде е одговорна за планирање, организирање, координирање и контрола на активности во рамките на проектот "Јакнење на регионалните капацитети за рурален развој преку интегрирано управување со шумски и водни ресурси во Југоисточна Европа".

По однос на минатите нејзини работни ангажмани, почнувајќи од 2000 до 2003 година таа била ангажирана од страна на USAID Land O'Lakes Проект за маркетинг активности во агробизнисот (МАМА), Скопје, како специјалист за развој на бизнис. Од 2003 до 2006 година, како советник за конкурентност била ангажирана од стран на USAID Проект за конкурентност на Македонија (МЦА), Скопје. Во рамките на УНДП проект за координација на странска помош, во 2006 година била асистент за мониторинг, анализи, поддршка и координирање во креирање политики. Од 2006 до 2007 година д-р Дори Павлоска – Ѓорѓиеска била аналитирач за политука и стратегија во проект за поддршка на земјоделски здруженија во Република Македонија (СФАРМ2). Во 2008 година била обучувач во деловна стратегија, ангажирана од страна на Бизнис старт-ап центар – Приштина. Во 2008 била ангажирана како надворешен евалуатор на остварените резултати на Бизнис Старт-ап центарот во Битола – нивното влијание врз успешноста на целокупната програма од страна на SPARK, Холандија. Од 2008 до 2009 таа била координатор на проект за регионална соработка меѓу земјоделски организации од Западен Балкан (Македонија, Албанија, Косово, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина). Од 2007 до 2010 година таа била национален координатор на Проект за поддршка на земјоделски здруженија во Република Македонија (СФАРМ3). Во 2010 таа била консултат за оценка на родовата перспектива на две програми финансирани од СИДА во Македонија. Во 2001 година работела како специјалист за мониторинг и евалуација, односи со јавност на проект финансиран од УСАИД (USAID Plastic Recycling Project, Скопје).

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Во доменот на наставно-образовната дејност, д-р Дори Павлоска - Ѓорѓиеска, на МИТ Унвиерзитетот Скопје ги предавала следните предмети: Претприемништво и мал бизнис, Деловни процеси во организацијата, Даночно работење, Вовед во банкарско работење, Математика, Менаџмент со ризик.

Резултати од спроведена евалуација за нејзиниот ангажман не се достапни.

Д-р Дори Павлоска - Ѓорѓиеска е автор на следните научни трудов (во последните пет години):

1. Pavloska – Gjorgjieska, D. (2016) Achieving Employability of Students in a Challenging Environment, Journal Advances in Higher Education, SPACE – European Network for Business Studies and Languages;
2. Stevanovski, M., Pavloska – Gjorgjieska, D. (2016) Electronic Commerce as an Integral Part of the Digital Economy with Emphasis on its Application in the Republic of Macedonia, Ekonomika, Vol 1, pp 113-125, Society of Economists Ekonomika - Nish. Available at SSRN: http://www.ekonomika.org.rs/sr/PDF/ekonomika/2016/Ekonomika-2016-1.pdf
3. Pavloska – Gjorgjieska, D., Stevanovski, M. (2015) Effectiveness of the Foreign Donor Projects in the Agricultural Sector in Macedonia, International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, MIT University Skopje, Volume 4, Skopje, Macedonia;
4. Pavloska – Gjorgjieska, D., Dejanovski, A., Buzleski, B. (2015) Official Development Aid in the World, Proceedings from the Seventh international scientific and applicative

conference Knowledge for Capabilities and Skills, Bansko, Bulgaria, 4 – 6 December 2015;
5. Pavloska – Gjorgjieska, D., Stanojevic, J. (2015) Formalizing the Informal Waste Collectors – Factor for Growth of the Recycling Industry of the Western Balkans, Proceedings from Mitrovica Innovations Scientific International Conference, Pristina, Kosovo, 15-16 September 2015;
6. Pavloska – Gjorgjieska, D. (2015) The Need for Networking in the Agricultural Sector in the Western Balkans, 26th annual conference of the European Network for Business Studies and Languages (SPACE), Torun, Poland, 21 – 24 April, 2015;
7. Pavloska – Gjorgjieska, D., Stanojevic, J. (2015) Sustainability of the Foreign Assistance in Agriculture – Macedonian Experience, (March 23, 2015). Ekonomika, Vol 61, Issue 1, pp 97-113, 2015. Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=2584077
8. Pavloska – Gjorgjieska, D., Dejanovski, A., Buzlevski, B. (2014) Using ICT in Agribusiness Supply Chains to Improve Competitiveness – the Western Balkans Case, Institute of Knowledge Management, Knowledge: International journal, Vol. 4, Scientific and Applicative Papers;
9. Pavloska – Gjorgjieska, D., Filipovski, Z., Miladinovski, S. (2014) Marketing Tools in Destination Selling in Times of a World Economic Recession, Scientific Conference: The Great Recession and Crisis of the Neoliberal Economy, Educons University – Sremska Kamenica, Serbia, 28 – 30 May, 2014;
10. Dejanovski, A., Pavloska – Gjorgjieska, D. (2014) The Impact of the Required Reserve on the Monetary Multiplication in the Republic of Macedonia, TEM Journal, vol. 3, no. 3, pp. 257 – 261, 2014. Available at: http://www.tem-journal.com/archives/vol3no3.html
11. Pavloska – Gjorgjieska, D., Dejanovski, A. (2014) Regional Cooperation – the Way Forward to Achieving Competitiveness in the Global Market, Institute of Knowledge Management, International Journal of Scientific and Applicative Papers, Vol. 1&2;
12. Pavloska – Gjorgjieska, D. Miller, C. (2014) Achieving Employability of Students in a Complex Environment – the Case of Kosovo, the 25th Annual Conference of the European Network for Business Studies and Languages SPACE - Barcelona, Spain, 23 – 25 April 2014;
13. Pavloska – Gjorgjieska, D., Sredovska – Bozinov, A. (2014) Improvement of the Employability of the Students and Alumni, Seminar: How to Achieve Greater Employability of Students and Alumni, Macedonian Academy for Sciences and Arts, Skopje, Macedonia - 14 March 2014;
14. Pavloska – Gjorgjieska, D. (2013) Globalization and Human Rights, International Conference on Human Rights, MIT University - Skopje, Macedonia, 25 – 26 September 2013;
15. Pavloska – Gjorgjieska, D. (2012) Marketing Tools in Destination Selling – Case of Macedonia, Conference on International Tourism – Cross Cultural Behaviour - Odense, Denmark, 26-28 June 2012;

Во приложената документација нема докази за учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати.

***Општествена дејност***

Од доставените податоци, не се достапни информации за ангажманите на д-р Дори Павлоска – Ѓорѓиеска во општествена дејност. Има добиено бројни награди и признаниј. Во 2001 - Ron Brown Fellowship од амбасадата на САД во Скопје, Македонија. Во 2000 е и збрана за член на Alpha Chi, Национално почесно здружение на колеџите, West Virginia Alpha Chapter, Davis and Elkins College. Во 1999-2000 има добиено награда за академски достигнувања од одделот за Бизнис администрација и економија, Davis and Elkins College. Во 1999-2000 има добиено академска награда (Scholarship Award) од одделот за Бизнис администрација и економија, Davis and Elkins College. Во 1999-2000 има добиено прва награда од Инвестициониот клуб, Davis and Elkins College. Во 1999-2000 е ставена на Листа на деканот на Davis and Elkins College. Во 1998-2000 има добиено академска школарина од Институтот Отворено општество – Македонија. Во 1998-2000 има добиено полна академска школарина од Davis and Elkins College. Од 1993 до 1998, има добиено стипендија за талентирани студенти од Министерството за образование на Република Македонија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Дори Павлоска – Ѓорѓиеска и според одредбите на Законот за високото образование, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката има постојан стручен и научен развој во областа на претприемништво, деловната администрација и инвестициски развој. Нејзината наставна и научно – истражувачка работа се континуирани и ја потврдуваат ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од нејзината научно - истражувачка и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, како и потребите на Факултетот за деловна економија и организациони науки на Универзитетот Американ Колеџ Скопје кои одат во насока на потреба на наставен кадар кој има мултидисциплинарно искуство во две научни области и тоа економија и право, Комисијата оценува дека д-р Дори Павлоска – Ѓорѓиеска не ги исполнува потребните услови и *не му предлага* на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје да ја избере во наставно научно звање по група предмети од областа на економските науки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Никица Мојсоска Блажевски

Универзитет Американ колеџ Скопје

проф. д-р Томе Неновски

Универзитет Американ колеџ Скопје

проф. д-р Марјан Бојаџиев

Универзитет Американ колеџ Скопје

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ЗА ОБЛАСТА ЕКОНОМИЈА И ФИНАНСИИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 14-362/5 од 21.04.2017 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 21.04.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на избор на наставник во сите наставно-научни звања за област економија и финансии на Факултетот деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот Нова Македонија, на ден 22.03.2017, и во предвидениот рок се пријави:

1. *Д-р Владимир Наумовски*
2. *Д-р Дори Павлоска-Ѓорѓиеска*

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот деловна економија и организациони науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Д-р Владимир Наумовски**

***Биографски податоци***

Д-р Владимир Наумовски (1985) финансов директор на производно-трговска фирма од Скопје. Во текот на својата кариера бил сопственик и прв директор на штедилница во Република Македонија, Министар во Владата на Република Македонија, Директор е од основање на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, Директор на Агенцијата за спречување на перење на пари, Претседател за Здружение на штедилници на Македонија, Претседател на Државната пописна комисија, член на Комисијата за хартии од вредност, Основач и Претседател на Управниот Одбор на Пазарот на пари и краткорочни хартии од вредност, Претседател на Здружението на економисти на град Скопје, член на Американско-Македонската комора, член на Бизнис советот на универзитетот Американ Колеџ Скопје, експерт во Советот на Европа – MONEYVAL, претставник во Здружението за развојни банки во Југо-Источна Европа, претставник во Бернска унија – прашки клуб – асоцијација на финансиски институции за оригурување од комерцијални и некомерцијални ризици и шеф на бројни државни делегации.

Д-р Владимир Наумовски дипломирал во 1988 година на прометно комерцијалната насока на Економски факултат во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методија„. Академскиот степен Магистер по економски науки го стекнал од областа на монетарна економија исто така на Економскиот факултет во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„, каде во 2009 година го одбранил трудот на тема „Меѓународната регулатива за борба против финансирање на тероризмот со осврт на некои земји од Југо-Источна Европа и Република Македоноја„. На Европскиот центар за мир и развој на Универзитето за мил на Обединетите Нации во Белград, Србија, во 2011 година ја одбрани својата докторска дисертација на тема: „Превенција на перењето на пари и финансирање на тероризмот„ со што се стекнал со научен степен доктор на економски науки

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Кандидатот Владимир Наумовски изведува настава по предметот „Бизнис Етика„ на додипломски студии и по предметот „Деловен модул IV„ на последипломски студии.

Исто така на покана на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Земјоделски Факултет, има одржано предавање по Макроекономија во рамки на предметот “Агроекономија”. Кандидатот е предавач на посетителите на специјализираната програма на Комисијата на хартии од вредност за Инвестициски советници. Во рамките на Универзитетот Американ Колеџ Скопје кандидатот држеч предавања во делот на специјализираната програма за внатрешни ревизори.

Кандидатот Владимир Наумовски е избран во звање доцент на 07.06.2012 година од областа на економија и финансии. Неговиот ангажман на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, врз основа на спроведената евалуација од страна на студентите изнесува 98,00 проценит (од вкупно 100,00).

Во последните пет години, кандидатот ги има објавено следните научно-истражувачки трудови:

1. Naumovski, V., Bundaleska, E. (2013). Outsourcing, can We Go Wrong. MANU ECPD
2. Bundaleska, E., and Naumovski, V. (2016) Analysis of the Effects from Suspicious Transactions Reporting in the Republic of Macedonia, Montenegro and the Republic of Slovenia. Economic Development-Journal of the Institute of Economics, 18*(*1-2), p. 351-361.
3. Tripunoski, M., Naumovski, V., Tripunoska, M. (2016). Quality management, an issue vital for effective management", *Casopis za ekonomija i trzisne komunikacije.* Banjarmasin Luka God./Vol. VI : Br./No.Ii : Decembar, 2016
4. Sredojevic, Z., Naumovski, V., Kresovic, B. (2016) Evaluacija poslovnih perfomansi u funkciji strategije razvoja preduzeća [Evaluation of business performance in function strategy development of enterprise]. No.71 Agroekonomika Novi Sad.
5. Naumovski, V. , Dana, Leo-Paul, Pesakovic, G., Fidanoski, F.(2017). The Importance of Interpersonal Communication in Public Administration. Contemporary Economic Issues (Wspoiczesne Probleme my Ekonomicznex) (во процес на објавување).
6. Bundaleska, E., Naumovski, V., Elenov, R. (2017) 2017 - Assessment of the National Money Laundering and Terrorism Financing Prevention Systems in Macedonia, Serbia And Slovenia. International Scientific Conference on Economics and Management EMAN 2017: "Global Challenges" (во процес на објавување).
7. Sergi, B. S., Fidanoski, F., Zioło, M. and Naumovski, V. (2017). *Regaining Global Stability After the Financial Crisis*. Hershey: IGI Global. (во процес на објавување).

Д-р Владимир Наумовски има учествувано на повеќе научни конференции во последните пет години и тоа:

- (2014). Naumovski, V., Tripunoski, M., Tripunoska, S. Reforms in education a fundamental principle of increasing social impact - indicator for open economy processes that shares resources and capabilities.EDASOL 2014; 24-24 October.
- (2014). Naumovski, V., Tripunoski, M., Tripunoska, S. Economic development and Standard of living 2014 - 4th International Scientific Conference on economic development and standard of Living - “EDASOL 2014
- (2015). Naumovski, V., Elenov, R., Kalanovic Bulatovic, B. Application of Global Gap Standards in Agriculture. GROSYM.
- (2016). Filip Fidanoski, Bas Van Aarle, Taki Fiti and Vladimir Naumovski. 2$^{nd}$ The Role of State in Varieties of Capitalism (SVOC) - Conflicting liberalism and economic patriotism in present day capitalist systems Date: November 10-11, 2016, Institutional reforms and privatisation in the Western Balkan countries.

Д-р Владимир Наумовски има учествувано во повеќе научноистражувачки проекти и тоа:

- 2016 – Придружен истражувач при Institute for Advanced Financial Economics, International Center for Emerging Markets Research, RUDN University and Harvard University, Russian Federation
- 2016 – Проект IMPACT - Investigating Merit Pay across Countries and Territories (15000 euros), Hong Kong Polytechnic University (Истражувачи: Jason Shaw од Хонг Конг Hong Kong Polytechnic University, Филип Фидановски од Универзитетот во Луксембург, Владимир Наумовски од Универзитет Американ Колеџ Скопје и Гоце Андревски од Queen's University).
- 2017 – Ideas for Action (I4A) initiative, Wharton School of the University of Pennsylvania (Истражувачи: Ѓорѓија Петкоски од Универзитетот во Пенсилванија, Владимир Наумовски од Универзитет Американ Колеџ Скопје и Филип Фидановски од Универзитетот во Луксембург).

Кандидатот поседува повеќе сертификати од меѓународни семинари и конференции како што се Светска банка, Department of state USA – Federal deposit – Insurance corporation, Financial Technology Transfer Agency – Luxemburg, MONEYVAL, Egmond, и други.

Д-р Владимир Наумовски е носител на орденот столен медал од прв ред на редот на Светиот Македонски Крст од Македонската Православна Црква-Охридска Архиепископија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Владимир Наумовски одредбите на Законот за високото образование, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот покажува постојан стручен и научен развој и е оформена во квалитетен универзитетски научник и наставник. Неговата наставна и научно – истражувачка работа се континуирани и ја потврдуваат ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од неговата научно - истражувачка и наставна област. Сепак, прогресот во истражувачката сфера не е доволен за кандидатот да ги исполни критериумите предвидени во законската регулатива за ибор во повисоко звање.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека д-р Владимир Наумовски не ги исполнува целосно предвидените законски и други услови и *не му предлага* на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје да го избере во повисоко наставно научно звање, по група предмети од областа на економија и финансии.

**2. Д-р Дори Павлоска - Ѓорѓиеска**

***Биографски податоци***

Д-р Дори Павлоска - Ѓорѓиеска е родена на 28.01.1977 година. Економскиот факултет – Прилеп го завршила во 1998 година, и го продолжила своето додипломско образование по економија на Davis and Elkins College, Elkins, West Virginia, во Соединетите Американски Држави со просечна оценка од 4,00 (summa cum laude). Магистерските студии по деловна администрација д-р Павлоска - Ѓорѓиеска ги завршила во 2004 година на Универзитетот Шефилд со магистерска дисертација на тема „Биснис планирање и евалуација на инвестиција во млекара„. Во Јануари 2012 година се стекнува во степен доктор на економски науки од областа финансиско-даночен менаџмент на Европскиот Универзитет Република Македонија со одбранета докторска дисертација на тема „Инвестициите на странските донатори во земјоделскиот сектор во Македонија„. Д-р Дори Павлоска – Ѓорѓиеска има учествувано на бројни обуки и семинари од областа на деловната администрација и инвестициски развој.

Д-р Дори Павлоска - Ѓорѓиеска работи веќе шест години како предавач на International Business College Mitrovica (IBCM) во Митровица, Косово, меѓународна организација основана од холандската генција Спарк, во соработка со данската академија за професионално образование Лилебелт и финансирана од странски донатори, првенствено Шведска агенција за меѓународен развој (СИДА). На оваа институција, таа предавала Меѓународен маркетинг и продажба, Стратегиски маркетинг, Продажба и преговарање, и Менаџмент на студиска програма. Исто така таа била три години координатор за студиската програма Маркетинг и менаџмент. Од 2012 таа е избрана во звање доцент од областа на економските науки на МИТ Универзитетот Скопје. Во 2016 таа е избрана во звање вонреден професор на истоимениот универзитет и го предава предметот Претприемништво и мал бизнис. Покрај наставно научните активности на универзитеот исто така таа од 2013 до 2016 била ангажирана во центарот за кариера на универзитетот каде земала учество во активностите на Центарот поврзани со обезбедување на вработливост на произведените кадри.
Исто така таа е ангажирана и како проектен менаџер за меѓународна, меѓувладина организација за регионален рурален развој – SWG RRD, каде е одговорна за планирање, организирање, координирање и контрола на активности во рамките на проектот "Јакнење на регионалните капацитети за рурален развој преку интегрирано управување со шумски и водни ресурси во Југоисточна Европа".

По однос на минатите нејзини работни ангажмани, почнувајќи од 2000 до 2003 година таа била ангажирана од страна на USAID Land O'Lakes Проект за маркетинг активности во агробизнисот (МАМА), Скопје, како специјалист за развој на бизнис. Од 2003 до 2006 година, како советник за конкурентност била ангажирана од стран на USAID Проект за конкурентност на Македонија (МЦА), Скопје. Во рамките на УНДП проект за координација на странска помош, во 2006 година била асистент за мониторинг, анализи, поддршка и координирање во креирање политики. Од 2006 до 2007 година д-р Дори Павлоска – Ѓорѓиеска била аналитирач за политука и стратегија во проект за поддршка на земјоделски здруженија во Република Македонија (СФАРМ2). Во 2008 година била обучувач во деловна стратегија, ангажирана од страна на Бизнис старт-ап центар – Приштина. Во 2008 била ангажирана како надворешен евалуатор на остварените резултати на Бизнис Старт-ап центарот во Битола – нивното влијание врз успешноста на целокупната програма од страна на SPARK, Холандија. Од 2008 до 2009 таа била координатор на проект за регионална соработка меѓу земјоделски организации од Западен Балкан (Македонија, Албанија, Косово, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина). Од 2007 до 2010 година таа била национален координатор на Проект за поддршка на земјоделски здруженија во Република Македонија (СФАРМ3). Во 2010 таа била консултат за оценка на родовата перспектива на две програми финансирани од СИДА во Македонија. Во 2001 година работела како специјалист за мониторинг и евалуација, односи со јавност на проект финансиран од УСАИД (USAID Plastic Recycling Project, Скопје).

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Во доменот на наставно-образовната дејност, д-р Дори Павлоска - Ѓорѓиеска, на МИТ Унвиерзитетот Скопје ги предавала следните предмети: Претприемништво и мал бизнис, Деловни процеси во организацијата, Даночно работење, Вовед во банкарско работење, Математика, Менаџмент со ризик.

Резултати од спроведена евалуација за нејзиниот ангажман не се достапни.

Д-р Дори Павлоска - Ѓорѓиеска е автор на следните научни трудов (во последните пет години):

1. Pavloska – Gjorgjieska, D. (2016) Achieving Employability of Students in a Challenging Environment, Journal Advances in Higher Education, SPACE – European Network for Business Studies and Languages;
2. Stevanovski, M., Pavloska – Gjorgjieska, D. (2016) Electronic Commerce as an Integral Part of the Digital Economy with Emphasis on its Application in the Republic of Macedonia, Ekonomika, Vol 1, pp 113-125, Society of Economists Ekonomika - Nish.

Available at SSRN: http://www.ekonomika.org.rs/sr/PDF/ekonomika/2016/Ekonomika-2016-1.pdf
3. Pavloska – Gjorgjieska, D., Stevanovski, M. (2015) Effectiveness of the Foreign Donor Projects in the Agricultural Sector in Macedonia, International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, MIT University Skopje, Volume 4, Skopje, Macedonia;
4. Pavloska – Gjorgjieska, D., Dejanovski, A., Buzleski, B. (2015) Official Development Aid in the World, Proceedings from the Seventh international scientific and applicative conference Knowledge for Capabilities and Skills, Bansko, Bulgaria, 4 – 6 December 2015;
5. Pavloska – Gjorgjieska, D., Stanojevic, J. (2015) Formalizing the Informal Waste Collectors – Factor for Growth of the Recycling Industry of the Western Balkans, Proceedings from Mitrovica Innovations Scientific International Conference, Pristina, Kosovo, 15-16 September 2015;
6. Pavloska – Gjorgjieska, D. (2015) The Need for Networking in the Agricultural Sector in the Western Balkans, 26th annual conference of the European Network for Business Studies and Languages (SPACE), Torun, Poland, 21 – 24 April, 2015;
7. Pavloska – Gjorgjieska, D., Stanojevic, J. (2015) Sustainability of the Foreign Assistance in Agriculture – Macedonian Experience, (March 23, 2015). Ekonomika, Vol 61, Issue 1, pp 97-113, 2015. Available at SSRN: http://ssrn.com/abstract=2584077
8. Pavloska – Gjorgjieska, D., Dejanovski, A., Buzlevski, B. (2014) Using ICT in Agribusiness Supply Chains to Improve Competitiveness – the Western Balkans Case, Institute of Knowledge Management, Knowledge: International journal, Vol. 4, Scientific and Applicative Papers;
9. Pavloska – Gjorgjieska, D., Filipovski, Z., Miladinovski, S. (2014) Marketing Tools in Destination Selling in Times of a World Economic Recession, Scientific Conference: The Great Recession and Crisis of the Neoliberal Economy, Educons University – Sremska Kamenica, Serbia, 28 – 30 May, 2014;
10. Dejanovski, A., Pavloska – Gjorgjieska, D. (2014) The Impact of the Required Reserve on the Monetary Multiplication in the Republic of Macedonia, TEM Journal, vol. 3, no. 3, pp. 257 – 261, 2014. Available at: http://www.tem-journal.com/archives/vol3no3.html
11. Pavloska – Gjorgjieska, D., Dejanovski, A. (2014) Regional Cooperation – the Way Forward to Achieving Competitiveness in the Global Market, Institute of Knowledge Management, International Journal of Scientific and Applicative Papers, Vol. 1&2;
12. Pavloska – Gjorgjieska, D. Miller, C. (2014) Achieving Employability of Students in a Complex Environment – the Case of Kosovo, the 25th Annual Conference of the European Network for Business Studies and Languages SPACE - Barcelona, Spain, 23 – 25 April 2014;
13. Pavloska – Gjorgjieska, D., Sredovska – Bozinov, A. (2014) Improvement of the Employability of the Students and Alumni, Seminar: How to Achieve Greater Employability of Students and Alumni, Macedonian Academy for Sciences and Arts, Skopje, Macedonia - 14 March 2014;
14. Pavloska – Gjorgjieska, D. (2013) Globalization and Human Rights, International Conference on Human Rights, MIT University - Skopje, Macedonia, 25 – 26 September 2013;
15. Pavloska – Gjorgjieska, D. (2012) Marketing Tools in Destination Selling – Case of Macedonia, Conference on International Tourism – Cross Cultural Behaviour - Odense, Denmark, 26-28 June 2012;

Во приложената документација нема докази за учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати.

***Општествена дејност***

Од доставените податоци, не се достапни информации за ангажманите на д-р Дори Павлоска – Ѓорѓиеска во општествена дејност. Има добиено бројни награди и признаниј. Во 2001 - Ron Brown Fellowship од амбасадата на САД во Скопје, Македонија. Во 2000 е и збрана за член на Alpha Chi, Национално почесно здружение на колеџите, West Virginia Alpha Chapter, Davis and Elkins College. Во 1999-2000 има добиено награда за академски достигнувања од одделот за Бизнис администрација и економија, Davis and Elkins College. Во 1999-2000 има добиено академска награда

(Scholarship Award) од одделот за Бизнис администрација и економија, Davis and Elkins College. Во 1999-2000има добиено прва награда од Инвестициониот клуб, Davis and Elkins College. Во 1999-2000 е ставена на Листа на деканот на Davis and Elkins College. Во 1998-2000 има добиено академска школарина од Институтот Отворено општество – Македонија. Во 1998-2000 има добиено полна академска школарина од Davis and Elkins College. Од 1993 до 1998, има добиено стипендија за талентирани студенти од Министерството за образование на Република Македонија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Дори Павлоска – Ѓорѓиеска и според одредбите на Законот за високото образование, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката има постојан стручен и научен развој во областа на претприемништво, деловната администрација и инвестициски развој. Нејзината наставна и научно – истражувачка работа се континуирани и ја потврдуваат ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од нејзината научно - истражувачка и наставна област. Сепак, досегашното работно искуство и ангажман на кандидатката, како и нејзиниот научен и истражувачки опус е раширен на различни тематики (маркетинг, политика и стратегија, образование, дигитална економија, и други области), што упатува на недоволна специјализација во одредена област. Дотолку повеќе, финансиите се мошне малку застапени во целиот тој работен и истражувачки опус.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, како и потребите на Факултетот за деловна економија и организациони науки на Универзитетот Американ Колеџ Скопје кои одат во насока на потреба на наставен кадар кој има наставно научно искуство во областа на економија и финансии, Комисијата оценува дека д-р Дори Павлоска – Ѓорѓиеска не ги исполнува потребните услови и *не му предлага* на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје да ја избере во наставно научно звање по група предмети од областа на економија и финансии.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Никица Мојсоска Блажевски

Универзитет Американ колеџ Скопје

проф. д-р Томе Неновски

Универзитет Американ колеџ Скопје

проф. д-р Марјан Бојаџиев

Универзитет Американ колеџ Скопје

# BULLETIN

**OF THE UNIVERSITY AMERICAN COLLEGE SKOPJE**

ISSN 1857-5323